# В Е Ш Т А Ч Е Њ Е

за

утврдување на висина на штета на ПМВ „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY

**Адвокат:** М И

**Настан:** Сообраќајна незгода која се случила на 14.09.2022 год. во 08$^{00}$ часот, на паркинг просторот кај Спортска Сала „Македонија” во Прилеп, во која учесници биле ПМВ марка „Opel Corsa” со рег.број PP-XXXX-YYY управувано од возач-учесник М П од Прилеп и паркирано ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY во сопственост на Ј А од Прилеп


**Вешто лице:**

Ред.проф.д-р Весна Ангелевска

__________________________________


Јануари, 2023 год.
Битола

Постапувајќи според барањето од 05.01.2023 год. на полномошникот на оштетениот Ј А, адвокат М И од Прилеп, за изработка на машинско вештачење за утврдување на висина на штета на ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY кое било оштетено во сообраќајната незгода која се случила на 14.09.2022 год. во $08^{00}$ часот, на паркинг просторот кај Спортска Сала „Македонија” во Прилеп, во која учесници биле ПМВ марка „Opel Corsa” со рег.број PP-XXXX-YYY управувано од возач-учесник М П од Прилеп и паркирано ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY во сопственост на Ј А од Прилеп, врз основа на увидот во целокупната документација (Копии од: Извештај за сообраќајна незгода од 14.09.2022 год. во ОСИГУРИТЕЛНО ДРУШТВО АД Скопје, Подружница Прилеп; Пријава на штета од автоодговорност во ОСИГУРИТЕЛНО ДРУШТВО АД Скопје, заведена на 14.09.2022 год.; Известување за околностите под кои се случи сообраќајната незгода од сопственикот на ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY, Ј А од Прилеп; Записник за извид и процена на оштетено возило од ОСИГУРИТЕЛНО ДРУШТВО АД Скопје за датум на прегледот од 16.09.2022 год., штета број 1001-001596-001/22; Известување по барање за надомест на штета од ОСИГУРИТЕЛНО ДРУШТВО АД Скопје со датум на верификација од 15.11.2022 год.; Понуда – про-фактура бр.01-482/2022 од Тојота Авто Центар ДООЕЛ од 21.09.2022 год.; Понуда со цени за заден браник за ПМВ марка „Toyota Yaris” за конкретниот број на шасија од електронска комуникација со овластен претставник за Тојота во Македонија; Фактура број 26/2022 год. од ВИМ АВТО ДООЕЛ Прилеп од 14.10.2022 год. и Сообраќајна дозвола број MK 0972515 за ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY, како и фото-документација во дигитална форма), според моето истражување и стручно знаење, го давам следниот:

# 1. НАОД

### 1.1. Основни податоци за сообраќајната незгода

Сообраќајната незгода се случила на 14.09.2022 год. во $08^{00}$ часот, на паркинг просторот кај Спортска Сала „Македонија” во Прилеп, во која учесници биле ПМВ марка „Opel Corsa” со рег.број PP-XXXX-YYY управувано од возач-учесник М П од Прилеп и паркирано ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY во сопственост на Ј А од Прилеп.

Во незгодата учествувале следните учесници:

1. **Патничко моторно возило** марка „Opel Corsa” со рег. број PP-XXXX-YYY, регистрирано и осигурано во ОСИГУРИТЕЛНО ДРУШТВО АД Скопје со број на полиса АО-5337656 со важност до 19.08.2023 год., во сопственост на С П со место на живеење на улица „К В” број 35А во Прилеп, а управувано од страна на **возач – учесник:** М П, родена на 03.11.1994 година во Прилеп, каде и живее на улица „К В” број 35А, со возачка дозвола број: UAAAAA од „В” категорија издадена во МВР Прилеп. Непосредно пред незгодата возачот М П со ПМВ марка „Opel

Corsa” со рег. број PP-XXXX-YYY излегувала од Паркинг место движејќи се наназад и со задниот десен дел од возилото удрила во задната десна страна на паркираното ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY, кое пред моментот на незгодата било застанато/паркирано на паркинг место од другата страна на паркингот, со десните тркала во непосредна близина на десната ивица на коловозот на паркингот – патека наменета за влез-излез, а со предниот дел свртено во насока на движење при излегување од паркингот на ПМВ марка „Opel Corsa”;

2. **Патничко моторно возило** марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY, регистрирано и осигурано до 14.03.2023 год., осигурано во КРОАЦИЈА АД Скопје со број на полиса 118442384, во сопственост на Ј А од Прилеп и управувано од нејзина страна пред паркирање на возилото, со место на живеење во Прилеп на улица „Г Д” број 0000, со возачка дозвола број: Т1111111 од „В” категорија издадена од МВР Прилеп. Непосредно пред случување на незгодата возачот Ј го имала паркирано ПМВ марка „Toyota Yaris” на паркинг просторот кај Спортска Сала „Македонија”, со десните тркала во непосредна близина на десната ивица на коловозот на паркингот – патека наменета за влез-излез, а со предниот дел свртено во насока на движење при излегување од паркингот на ПМВ марка „Opel Corsa”.

### 1.2. Анализа на оштетувањата на моторните возила

Според Извештај за сообраќајна незгода (Европски записник) евидентирани се оштетувања на кај двете возила, односно:

- **ПМВ марка „Opel Corsa” со рег. број PP-XXXX-YYY:** заден десен браник;
- **ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY:** заден браник - десно.

**Основни податоци за патничкото моторно возило „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY:**

**Регистарска ознака:** PP-XXXX-YYY
**Вид:** патничко
**Марка:** Toyota
**Тип:** Yaris
**Број на шасија:** VNKKLAB320A005313
**Број на мотор:** 1KR-9136218
**Година на производство:** 2020 год.
**Прва регистрација:** 10.03.2020 год.
**Моќност на моторот:** 53 [kW]
**Работен волумен на моторот:** 998 $cm^3$
**Број на места за седење:** 5
**Боја на каросеријата:** сива 7G

Според Записник за извид и процена на оштетено возило од ОСИГУРИТЕЛНО ДРУШТВО АД Скопје со датум на прегледот од 16.09.2022 год., штета број 1001-001596-001/22, констатирани се следните делови за замена и предвидени се следните износи за работна рака и материјал за боење и друг помошен материјал:

**А) Делови за замена:**

1. Браник З (заден);

**Б) Делови за поправка:**

| | **Без ДДВ** | **Со ДДВ** |
|---|---|---|
| **Работна рака:** | 1,380.00 | 1,628.40 |
| **Материјал за боење и друг помошен материјал:** | 3,488.00 | 4,115.84 |

Од анализа на цените на деловите, потрошен материјал и работна рака дадени во понудите, односно:

- **Понуда – про-фактура бр.01-482/2022** од Тојота Авто Центар ДООЕЛ од 21.09.2022 год.;
- Понуда со цени за заден браник за ПМВ „Toyota Yaris" со конкретниот број на шасија од електронска комуникација со овластен претставник за Тојота во Македонија од 21.10.2022 год.;
- Фактура број 26/2022 год. од ВИМ АВТО ДООЕЛ Прилеп од 14.10.2022 год.,

како и анализа на цените на деловите на пазарот во РСМ **во продолжение е дадена пресметка за делумна штета според најекономичната понуда.**

Висината на штетата за набавка на резервни делови според Понуда – про-фактура бр.01-482/2022 од Тојота Авто Центар ДООЕЛ од 21.09.2022 год. за конкретното возило, која е издадена по барање на Ј А од Прилеп, со место на живеење во Прилеп на улица „Г Д" број 0000, за ПМВ марка „Toyota Yaris" со рег.број PP-XXXX-YYY со број на шасија VNKKLAB320A005313 изнесува 16,272.00 денари со ДДВ, а според Понуда со цени за заден браник за ПМВ „Toyota Yaris" со конкретниот број на шасија според електронска комуникација со овластен претставник за Тојота во Македонија од 21.10.2022 год. цената на браник – горен дел изнесува 17,000.00 денари со ДДВ.

Од анализа на цената за оригинален горен дел од браник за конкретното возило за утврдување на висината на штетата при пресметката треба да се земи минимум вредност од 17,000.00 денари, која вредност е пониска од фактурата број 26/2022 год. од ВИМ АВТО ДООЕЛ Прилеп од 14.10.2022 год.

Возилото на денот на штетниот настан било старо 2 години и 6 месеци, а оштетениот дел е изработен од композитен материјал поради што при пресметка на штетата не се пресметува техничка амортизација на новиот дел – горен дел од заден браник.

Според Записник за извид и процена на оштетено возило од ОСИГУРИТЕЛНО ДРУШТВО АД Скопје за датум на прегледот од 16.09.2022 год., штета број 1001-001596-001/22, за работна рака за поправка на возилото, демонтажа на оштетениот дел од браникот, припрема и бојадисување на нов горен дел од браникот и монтажа на истиот изнесува 5,747.00 денари.

Овој износ за поправка е идентичен со износот во Фактурата од 14.10.2022 год.

Според овие материјални докази во Табела 1 е дадена пресметка за утврдување на висината на штетата која е со вкупен изос од 22,747.00 денари.

**Табела 1:** Делови за замена, потрошен материјал и работна рака за поправка на ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY со број на шасија VNKKLAB320A005313

| | **Опис на дел** | **Вкупен износ во МКД со ДДВ** |
|---|---|---|
| | | |
| 1. | Заден браник – горен дел | 17,000.00 |
| 2. | Работна рака | 1,628.00 |
| 3. | Материјал за боење и друг помошен/потрошен материјал | 4,116.00 |
| | | |
| | **Вкупно со ДДВ:** | 22,744.00 |

**Штетата која треба да биде исплатена како делумна штета за ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY со број на шасија VNKKLAB320A005313 изнесува 22,744.00 денари.**

Во периодот на случување на сообраќајната незгода вредноста на овој тип на возило на пазарот во РСМ изнесувала минимум 890,000.00 денари. Ако се направи проценка на тотална штета максималната вредност до која може да се поправа возилото пресметана како делумна штета изнесува до 445,000.00 денари.

Висината на штетата е пониска од штетата пресметана како тотална штета, поради што штетата на возилото која настанала при случување на сообраќајната незгода треба да биде пресметана и исплатена како делумна штета.

Вкупната материјална штета која што треба да биде исплатена, настаната врз ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY кое било оштетено во сообраќајната незгода која се случила на 14.09.2022 год. во $08^{00}$ часот, на паркинг просторот кај Спортска Сала „Македонија” во Прилеп, во која учесници биле ПМВ марка „Opel Corsa” со рег.број PP-XXXX-YYY управувано од возач-учесник М П од Прилеп и паркирано ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY во сопственост на Ј А од Прилеп, треба да биде исплатена како делумна штета и истата изнесува 22,744.00 денари.

# МИСЛЕЊЕ

Сообраќајната незгода се случила на 14.09.2022 год. во $08^{00}$ часот, на паркинг просторот кај Спортска Сала „Македонија” во Прилеп, во која учесници биле ПМВ марка „Opel Corsa” со рег.број PP-XXXX-YYY управувано од возач-учесник М П од Прилеп и паркирано ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY во сопственост на Ј А од Прилеп.

Според Извештај за сообраќајна незгода (Европски записник) евидентирани се оштетувања на кај двете возила, односно:

- **ПМВ марка „Opel Corsa” со рег. број PP-XXXX-YYY:** заден десен браник;
- **ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY:** заден браник - десно.

Според Записник за извид и процена на оштетено возило од ОСИГУРИТЕЛНО ДРУШТВО АД Скопје со датум на прегледот од 16.09.2022 год., штета број 1001-001596-001/22, констатирани се:

**А) Делови за замена:** заден браник
и предвидени се: износ за работна рака со ДДВ: 1,628.40 денари и износ за материјал за боење и друг помошен материјал со ДДВ: 4,115.84 денари.

Според сите материјални докази во Табела 1 во наодот е дадена пресметка за утврдување на висината на штетата која е со вкупен изос од 22,747.00 денари.

**Штетата која треба да биде исплатена како делумна штета за ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY со број на шасија VNKKLAB320A005313 изнесува 22,744.00 денари.**

Во периодот на случување на сообраќајната незгода вредноста на овој тип на возило на пазарот во РСМ изнесувала минимум 890,000.00 денари. Ако се направи проценка на тотална штета максималната вредност до која може да се поправа возилото пресметана како делумна штета изнесува до 445,000.00 денари.

Висината на штетата е пониска од штетата пресметана како тотална штета, поради што штетата на возилото која настанала при случување на сообраќајната незгода треба да биде пресметана и исплатена како делумна штета.

**Вкупната материјална штета** која што треба да биде исплатена, настаната врз ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY кое било оштетено во сообраќајната незгода која се случила на 14.09.2022 год. во $08^{00}$ часот, на паркинг просторот кај Спортска Сала „Македонија” во Прилеп, **треба да биде исплатена како делумна штета и истата изнесува 22,744.00 денари.**

**Вредност на машинско вештачење:** 5,000.00 денари, кој износ ми е во целост исплатен од страна на адвокат М И

**Прилог:** фото-документација и копија од понуди

Битола, Ред.проф.д-р Весна Ангелевска
30.01.2023 год.




**Слика 1а и б):** Оштетен заден браник – горен дел и заменет браник монтиран на ПМВ марка „Toyota Yaris” со рег.број PP-XXXX-YYY